Во согласност со член 29 од Статутот на Универзитетот на Југоисточна Европа, Одборот на Универзитетот на состанокот одржан на 31.5.2019 година го усвои следниов:

# ПРАВИЛНИК ЗА ПРОЦЕДУРАТА ЗА РАБОТАТА НА ОДБОРОТ

## I. Предмет на уредување

**Член 1**

Целта на овој Правилник е да се пропишат процедурите за назначување членови на Одборот на Универзитетот, свикување состаноци и за други сродни прашања дефинирани во Дел IV, членови 22-29 од Статутот на Универзитетот.

## II. Назначување членови

**Член 2**

(1) Извршниот комитет (ИК) на Одборот на Универзитетот формира Комитет за номинирање (КН), составен од тековните членови на ИК, кои ќе се состануваат одделно во отсуство на ректорот и на другите членови на Ректорската управа, со логистичка помош обезбедена од Правната служба.

(2) КН тековно ќе се состанува според барањата од претседателот на Одборот на Универзитетот, за кое било тековно или претстојно слободно работно место меѓу членовите на Одборот на Универзитетот согласно со член 22 став (5) алинеја (1) и член 22 став (5) алинеја (3) од Статутот на Универзитетот.

(3) Претседателот на Одборот на Универзитетот ќе претседава со КН.

(4) Во првата фаза на новиот мандат за целиот Одбор на Универзитетот, која почнува од 1 септември 2020 година, потоа во интервали од четири години почнувајќи од 1 септември 2024 година, КН ќе препорача членови за избор или реизбор на последниот (летен) состанок на постоечкиот Одбор на Универзитетот во годината за која станува збор.

(5) ИК утврдува како ќе се спроведува процедурата за консултациите од КН според член 22 став (5) алинеја (1) од Статутот со соодветните меѓународни тела и / или дипломатски претставници во Република Северна Македонија за идентификување за номинираните кандидати за двајцата членови на Одборот на Универзитетот од земјите од Европа и САД, соодветно. КН ќе му препорача на Одборот на Универзитетот име на двајца претставници за потврда во соодветното време.

(6) ИК одобрува и објавува јавен повик за назначување на членовите според член 22 став (5) алинеја (3) од Статутот, односно на членовите од заедницата, земајќи ги предвид одредбите од член 22 став (5) алинеја (4) од Статутот онаму каде што е релевантно. КН ќе му препорача на Одборот на Универзитетот еден претставник според член 22 став (5) алинеја (3) од Статутот и/или втор претставник според член 22 став (5) алинеја (3) или алтернативно номинирање од Владата на Република Северна Македонија според член 22 став (5) алинеја(4) од Статутот за потврда во соодветно време.

(7) Разгледувајќи ги препораките за назначувања според член 22 став (5) алинеја (1) и (3) од Статутот, КН ги има предвид функциите на Одборот на Универзитетот опишани во член 22 став (2) и член 27 од Статутот како и профилот на кандидатите кој ги рефлектира потребите на Одборот на Универзитетот за реализирање на ефикасно управување на Универзитетот. За да се постигне ова, КН може да побара од Комитетот за кадровски работи на Одборот на Универзитетот „опис на улогата" за членовите на Одборот на Универзитетот.

(8) Сенатот на Универзитетот е одговорен за изборот на членови согласно со член 22 став (5) алинеја (2) од Статутот и овие номинации ќе ги пријави претседателот на Сенатот до Одборот на Универзитетот во соодветно време.

(9) Сите претставници кои ќе се разгледуваат од КН според член 22 став (5) алинеја (1) и (3) од Статутот, се должни да го пријават секој потенцијален конфликт на интереси за која и да било позиција што ја имаат надвор од Универзитетот и за нивното членство во Одборот на Универзитетот.

(10) Првичното или континуираното членство во Одборот на Универзитетот во сите категории според член 22 став (5) од Статутот не соодветствува со вршењето функција во политичка партија.

## III. Избор на претседател и заменик-претседател на Одборот на Универзитетот

**Член 3**

Согласно со член 23 од Статутот, претседателот и потпретседателот на Одборот на Универзитетот се избираат според следнава процедура:

- Генералниот секретар ја презема улогата на претседавач на конститутивната (прва) седница на Одборот на Универзитетот и бара од членовите на Одборот на Универзитетот номинации за двете позиции за претседател и за потпретседател на Одборот на Универзитетот.
- Претседателот на Одборот на Универзитетот се именува од редот на членовите номинирани според член 22 став (5) алинеја (1), а потпретседателот на Одборот на Универзитетот од редот на членовите номинирани според член 22 став (5) алинеја (2) од Статутот.
- Номинираните лица ќе се повлечат од состанокот додека се разгледуваат соодветните номинации.
- По изборот, претседателот на Одборот на Универзитетот ќе биде претседавач.

## IV. Свикување состаноци

**Член 4**

(1) Процедурата за свикување состаноци е следнава:

- Одборот на Универзитетот одлучува за датумите на состаноците една година однапред, а тие датуми можат да се менуваат само со просто

  мнозинство на членовите на Одборот на Универзитетот, добиени по електронски пат од генералниот секретар.
- Најмалку три недели пред закажаниот состанок, генералниот секретар доставува предлог-агенда до претседателот на Одборот на Универзитетот.
- По одобрувањето на предлог-агендата, конечната агенда и документите за состанокот се доставуваат по електронски пат до членовите на Одборот на Универзитетот и до присутните, најмалку седум дена однапред.
- Членовите може да достават дополнителни точки за дискусија најмалку два дена пред состанокот.
- Претседателот на Одборот, за поефикасно однесување на деловното работење, може во секое време да повлече која и да точка од агендата.

(2) Сите состаноци ќе се изведуваат со минимално користење печатени материјали.

## V. Присуство на состаноците

**Член 5**

(1) Ректорот и генералниот секретар се поканети да присуствуваат на сите состаноци и се повлекуваат во зависност од потребата, кога претседателот на Одборот на Универзитетот изјавува дека прашањата треба да се дискутираат во врска со нивните лични податоци, како што е дефинирано во Законот за заштита на личните податоци.

(2) Другите членови на Ректорската управа и кој и да било друг член на кадарот на Универзитетот, можат да бидат поканети од претседателот на Одборот на Универзитетот за да презентираат посебни точки.

(3) Претседателот на Студентското собрание е поканет да присуствува на сите состаноци и се повлекува кога претседателот на Одборот на Универзитетот ќе најави дека прашањата што треба да се дискутираат вклучуваат лични податоци на поединците, како што е дефинирано во Законот за заштита на личните податоци.

(4) Претседателот на Сенатот може да биде поканет за да презентира извештај од работата на Сенатот.

(5) Согласно со член 23 став (6) од Статутот, од сите членови се очекува да присуствуваат на состаноците закажани со соодветно известување. Освен во случај на болест или при други неизбежни обврски за кои генералниот секретар е претходно известен, членовите кои не присуствуваат на два последователни состаноци, автоматски престануваат да бидат членови.

## VI. Водење на состаноците

**Член 6**

(1) Состаноците на Одборот на Универзитетот согласно со членот 28 и 29 од Статутот се водат според Законот што се применува за непрофитни субјекти.

(2) Претседателот на Одборот на Универзитетот тековно дејствува како претседавач на Одборот на Универзитетот, одлучува кој може да зборува и кога, прифаќа или

одбива какви било предлози за одобрување, одржува ред и одлучува за времето посветено на точките на агендата.

(3) Кворумот за одржување на состанокот на Одборот на Универзитетот е присуство на 4 од 7 членови, од кои најмалку еден член е од оние назначени според член 22 став (5) алинеја (1), а најмалку еден член е од оние назначени според член 22 став (5) алинеја (3) или алинеја (4) од Статутот.

(4) Одлуките вообичаено треба да се донесат со консензус. Доколку било побарано гласање од кој било член, одлуките се донесуваат со просто мнозинство гласови од присутните членови со право на глас, освен доколку не е предвидено поинаку со посебна форма на гласање за одредена деловна активност според член 28 став (2) од Статутот.

(5) Претседавачот го има одлучувачкиот глас.

(6) Во случај на несогласување за донесената одлука од претседавачот, тоа ќе има предност во однос на која било друга точка, потпретседателот на Одборот на Универзитетот ја презема улогата на претседавач додека се дискутира за овие прашања.

(7) Претседавачот на седницата на Одборот на Универзитетот може да биде сменет само со двотретинско мнозинство од присутните со право на глас, кои избираат член кој ќе го преземе местото на претседавач за тој состанок. Генералниот секретар го презема местото на претседавач за таа точка од дневниот ред.

## VII. Јавни состаноци и објавување дневен ред и извештаи

**Член 7**

(1) Согласно со член 11 од Статутот и според капацитетот на просторијата за состаноци, состаноците на Одборот на Универзитетот се јавни, освен кога треба да се разговара за чувствителни работи; одлуката за тоа што е чувствително за оваа намена ја носи претседателот на Одборот советуван од Генералниот секретар.

(2) Конечната агенда на состаноците на Одборот на Универзитетот се објавува на веб-страницата на Универзитетот во исто време кога ќе им се испрати на членовите на Одборот на Универзитетот и на присутните.

(3) Информативните извештаи за состаноците на Одборот на Универзитетот, одобрени од претседателот на Одборот на Универзитетот, тековно, се објавуваат на веб-страницата на Универзитетот најдоцна во рок од седум работни дена по соодветната средба.

(4) Официјалните записници од состанокот на Одборот се објавуваат на веб-страницата на Универзитетот кога предлог-записникот ќе се усвои на последователниот состанок.

(5) Членовите на Одборот на Универзитетот не се овластени да ги доставуваат одлуките од Одборот на Универзитетот на трети лица без претходна согласност од претседателот на Одборот на Универзитетот.

## VIII. Преодни и завршни одредби

**Член 8**

(1) Во согласност со член 118 од Статутот, постојните членови на Одборот на Универзитетот имаат мандат до 31 август 2020 година.

(2) Во член 4 став 1 од овој Правилник, „една година“ се заменува со „шест месеци“ за академските години 2018/2019 и 2019/2020 година.

(3) Во член 7 став 1 на овој Правилник, одредбите кои ќе бидат достапни до јавноста ќе стапат во сила на 1 ноември 2019 година.

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила на 01.10.2019 година.